Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________ год.
____________ 20 ___ год.
Потпис, ____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.20.22.ПЦ.001.04-ОБ.06.04

До
Одделение за прекршочна постапка-Комисија за одлучување по прекршок

Врз основа на член 10 став 1 точка 6 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16 и 120/18), член 1 од Законот за изменување на Царинскиот закон (Сл.весник на РСМ" бр. 110/21) и член 83 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр. 96/19), поднесуваме:

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

ПРОТИВ:
1. **ЕКО ТЕК ТРАДЕ ДООЕЛ** со седиште на ул..Отокар Кершовани бр. 46 А Чаир, Скопје , со ЕДБ 408 20222531604, **како правно лице**.
2. **Кубилај Тепе** роден на 07.06.1972 година во Р.Турција , со адреса на живеење на ул. Есеенерстр бр. 148-45529 Хатинген Дизелдорф Германија , државјанство: Р.Турција , со ЕМБГ 45307691544, со патна исправа U 23899489 издадена на 17.02..2021 година од Р.Турција , **како одговорно лице**. Управителот Кубилај Тепе достави изјава според која сите потребни документи да бидат испратени на адреса: **Ул.Славеј Планина бр.1/1-1, Чаир Скопје.**

ЗАТОА ШТО:
На ден 28.11.2022 година во ЦИ Скопје 1013 поднесена е декларација со број MRN 22MKIM1013000A1254 за увозно царинење на стока од Германија наменета за фирмата увозник ЕКО ТЕК ТРАДЕ ДООЕЛ од Скопје. Стоката била истоварена во ЈЦС РР2 Инфинитум ДООЕЛ Скопје, извод од пријава број 22MKSD101300025ED5 од 23.11.2022 година, ЦМР 2202992, фактура бр.12982 од 16.11.2022 година од испраќачот ЕКО ТЕК РЕЦКЛИНГХАУСЕН од Германија со вкупна вредност од 12.402,00 евра. Декларацијата била селектирана за детална контрола која е извршена во о ЈЦС РР2 Инфинитум ДООЕЛ Скопје при што е констатиран 1 пакет вишок и во него непријавени 200 парчиња х 50 грама или вкупно 10 килограми ароматизиран тутун за водено луле кој не е опфатен во приложените документи. Претставникот на фирмата Еко тек траде , Џевдет Ибраими кој бил присутен на прегледот на стоката, изјавил дека вишокот стока по грешка била ставена во камионот. Непријавената и вишокот стока е привремено одземена со Потврда за привремено одземени предмети бр.28-064222/22-0002 од 28.11.2022 година и е предадена во магацинот на Агенцијата за управување со одземен имот – Депо Идризово Скопје.

На ваков начин пријавените со царинската декларација не ја опфатиле сета стока која би требало да се стави во царинска постапка, со што постапиле спротивно на член 69 од Царинскиот Закон.

Со гореопишаното дејствие првопријавениот-правното лице сторил прекршок по член 263 став 3 в.в. со став 1 точка 6 од Царинскиот Закон, а второпријавениот-одговорното лице во правното лице сторил прекршок по член 263 став 4 в.в. со став 1 точка 6 од Царинскиот Закон.

ПОРАДИ КОЕ СЕ ПРЕДЛАГА:

Комисијата за одлучување по прекршок како стварно и месно надлежна да покрене прекршочна постапка против пријавените лица за прекршокот кој им се става на товар и по утврдување на фактичката состојба и изведување на приложените докази кон барањето да бидат огласени за виновни и да им биде изречена прекршочна санкција согласно закон.

Со оглед дека за горенаведениот прекршок согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон е пропишано изрекување на прекршочната мерка одземање на стоката предмет на прекршок, предлагаме истата да се одземе.
Стоката предмет на прекршок е предадена во магацинот на Агенцијата за управување со одземен имот – Депо Идризово Скопје.
По писмено изготвување на одлуката по ова барање Ве молиме еден примерок да биде доставен до Одделението за оперативни работи во СКИ.

ПРИЛОГ:
-Записник за царински прекршок бр. 28-064222/22-0001 од 28.11.2022 г
-Потврда за привремено одземени предмети бр. 28-064222/22-0002 од 28.11.2022 г.
-Записник за примопредавање 28-064222/22-0003 од 28.11.2022 г
-Записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки 28-064222/22-0004 од 29.11.2022 г
-Записник за примопредавање со АУОИ-Депо Идризово бр150/22 од 29.11.2022 г.
-Изјава од управителот Кубилај Тепе
-Фотодокументација бр 28-064222/22-0005
-Фотокопии од: Декларација 22MKIM1013000A1254, фактура бр.12982 од 16.11.2022 година, CMR бр.2202992, извод од пријава број 22MKSD101300025ED5 од 23.11.2022 тековна состојба од Централен регистар.

По овластување број
04-022068/22-0002 од 04.05.2022 година
Началник
Александра Илиевска Мишковска

К бр. 28-064222/22-0006
Скопје, 09.12.2022 година 13-12-2022

Доставено во оригинал до:
- Комисија за одлучување по прекршок
- писарница
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за одлучување по прекршок

Изработил: Звонко Тодороски
Согласен: Благоја Крстевски